Архивски број:0801-182/4
13.10.2021 Година

Постапувајќи по претставка за заштита од дискриминација бр. 0801-182/1 од 19.07.2021 поднесена од [redacted] од Скопје против Ј.У Меѓуопштински центар за социјални работи – Скопје, за извршена дискриминација врз основа на семејна или брачна состојба, во областа на социјалната сигурност и заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 13.10.2021 г го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА** директна дискриминација по основ на семејна или брачна состојба при остварувањето на родителското право во областа на социјалната сигурност и заштита, извршена од страна на Ј.У Меѓуопштински центар за социјални работи – Скопје кон подносителката на претставката [redacted]

## Образложение

На 09.07.2021 година, во просториите на КСЗД поднесена е претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted], заведена под бр. 0801-182/1, за извршена директна дискриминација по основ на семејна или брачна состојба во областа на социјална сигурност и заштита при остварување на родителско право од страна на ЈУ МЦСР Скопје за доверување, чување и воспитување на нејзиниот малолетен син Ѓ. К..

Бракот помеѓу [redacted] и [redacted] бил разведен со судска Пресуда бр. П2.бр1386/07 од 18.03.2008 година, а малолетниот син Ѓ.К. роден во 2005 година, бил доверен на грижа, чување и воспитување на мајката [redacted], а такото [redacted], бил задолжен да плаќа месечна издршка. На 23.02.2021 година таткото [redacted] поднел тужба до судот за предоверување на синот Ѓ. К., со образложение дека од октомври 2020 неговиот син Ѓ. постојано живее кај него. Судската постапка сè уште е во тек.

На 16.06.2021 година, мајката поднела поднесок до Ј.У. Меѓуопштински центар за социјални работи – Скопје со кој побарала регулирање на односите помеѓу малолетниот син со родителите, согласно Законот за семејство (Сл.весник на РМ бр.80/92,9/96,38/04,33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 115/14, 104/15 и 150/15.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека ваквите постапки и решенија од страна на Ј.У Меѓуопштински центар за социјални работи – Скопје **не ја довеле подносителката во нееднаква положба при остварувањето на нејзините родителски права во споредба со таткото на малолетното дете, и не ја ограничиле во уживањето на нејзините родителски права на еднаква основа со таткото**, па затоа го утврди мислењето содржано во диспозитивот.

Известител: член на КСЗД
Лимко Бејзароски
13.10.2021 г

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Доставено до
- [redacted]
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
ул. Никола Вапцаров бр.11 Скопје


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk